# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

**www.bitola.gov.mk**

**Број 17, година XLIX**
**Понеделник, 19.11.2018**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2018 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 61/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15 ) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2018 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-157/3 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. — на Советот на Општината Битола
Б и т о л а — Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за развојни планови во Општина Битола за периодот од 2019 до 2021 година**

1. Ја објавувам Програмата за развојни планови во Општина Битола за периодот од 2019 до 2021 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/2 — ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), а во врска со член 21 и 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 4/08 и 103/08), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 14.11.2018 год., донесе

## П Р О Г Р А М А
## за РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ во Општина Битола за периодот од 2019 до 2021 год.

Со оваа Програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма изнесуваат **503.266.034,00ден. (**Прилог 1 - составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **195.942.705,00денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2019год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **187.323.329,00денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2020год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1

Средствата во висина од **120.000.000,00денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2021год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1

Во оваа програма направени се измени во однос на тоа што беше планирано со Програмата за развојни планови за периодот 2018-2020 година. Измените се направени со реалокација на финансиските средства.

Имено, изградбата на северната трибина од стадионот под Тумбе кафе не започна навреме и со динамика предвидена со договорот за изградба. Согласно склучениот договорот со изведувачот и динамичкиот план за работа, најголемиот дел од градежните активности ќе бидат реализирани на крајот на 2018 и првата половина од 2019 година. Имајќи го во предвид договорениот начин на плаќање, исплатата за реализација на проектот се планира да биде во 2019 и дел од 2020 година.

Од овие причини, дел од средствата од Програмата за развојни планови за периодот 2018-2020 година наменети за 2019 година ќе се искористат за изградба на северната трибина од стадионот под Тумбе кафе а дел ќе се испланираат во едногодишните програми на уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола.

Исто така планираните средствата за 2019 година за Ревитализација на Офицерски дом ќе се зголемат со оглед на тоа што во 2019година ќе се изведуваат градежни активности на истиот.

Расходите за изградба и реконструкција на улици, ревитализација на поранешниот офицерски дом, реконструкција на други објекти, гасификација на Општина Битола и изградбата на други објекти ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата.

Динамиката на реализацијата, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

### ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови, и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ од 2019 до 2021година**

| Ред бр. | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2019 во ден | Износ за 2020 во ден | Износ за 2021 во ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | Изградба и реконструкција на улици и локални патишта | | | |
| 1 | | JDI | Реконструкција на улица „Илинденска“ | 18.000.000,00 | 9.569.417,00 | |
| | KA | | Културно творештво и манифестации (капитални трошоци) | | | |
| 2 | | KAB | Ревитализација на поранешен Офицерски дом | 19.300.288,00 | 10.699.712,00 | 40.000.000,00 |
| | LA | | Спорт и рекреација (Капитални трошоци) | | | |
| 3 | | LAA | Реконструкција на други објекти | 149.429.297,00 | 110.000.000,00 | |
| | GD | | Енергетика | | | |
| 4 | | GDA | Гасификација на Општина Битола | 7.945.800,00 | 57.054.200,00 | 70.000.000,00 |
| | FD | | Уредување на простор во рурални средини (Капитални трошоци) | | | |
| 5 | | FDO | Изградба на други објекти | 1.267.320,00 | | |
| | | | Вкупно по години: | 195.942.705,00 | 187.323.329,00 | 120.000.000,00 |
| Се вкупно: | | | | 503.266.034,00 | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната 2018/2019 година

1. Ја објавувам Програмата за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната 2018/2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/3
19.11.2018 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 5/02) и член 22 став 1 точка 11 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за организирање и функционирање на зимска служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната 2018/2019 година

## I. ОПШТ ДЕЛ

Со оваа Програма се предвидува организирање и функционирање на зимска служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната 2018/2019 година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на Општина Битола преку :

- одредување на обемот на работите и нивото на чистењето на снегот и голомразицата од коловозните површини;
- дефинирање на работите и обврските на сите учесници одговорни за нејзината реализација;
- определување на потребната механизација, опрема, материјали и работна сила и определување на потребните финансиски средства.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Преку организационата поставеност се дефинира обемот на работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализација на оваа Програма како и начинот на нивното делување.

Координирањето на активностите во зимски услови го врши **Координативно тело** формирано од градоначалникот и составено од претставници на Комисијата за јавни комунални дејности на Советот на Општина Битола, јавната администрација на Општина Битола, Општински инспекторат, јавни претпријатија, УВР Битола и Дирекција за заштита и спасување - Битола.

### 2.1 СОВЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Ја усвојува оваа програма и исто така:

- Обезбедува средства за реализација на програмата со нејзино усвојување,
- Го контролира извршувањето на оваа програма,

### 2.2. СЕКТОРОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ- Одделение за комунални дејности и уредување на градежното земјиште:

- Ја организира Зимската служба;
- Врши стручен надзор во извршувањето на Програмата;
- Одлучува со претходна согласност на Градоначалникот за ангажирање на КЈП „Нискоградба„ Битола и други организации согласно со закон;
- Одлучува за вклучување на градежната механизација од градежните претпријатија врз основа на извештаите од КЈП Нискоградба - Битола и другите избрани и ангажирани учесници во зимската служба;
- Ги координира активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- Преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимската служба и обврските на учесниците;
- Изготвува периодични извештаи и завршен извештај и истите ги доставува до Комисијата за јавни комунални дејности на Советот на Општина Битола.

### 2.3 КЈП „НИСКОГРАДБА” Битола

- Реализира дел од Програмата за функционирање на Зимската служба;
- Склучува Договор со Републичкиот хидро-метереолошки завод за добивање на временски прогнози;

- Организира редовни дежурства со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствена механизација за дејствување во Зимската служба;
- Одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Обезбедува скалдирање, растурање и вградување на сол, песок, ладен асфалт и други материјали;
- Ги припрема возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови и врши тековно одржување;
- Обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата;
- Со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатицата од коловозните површини;
- Ги оспособува канализацијата и сливниците за прием на поголеми количини вода во зимски услови;
- Врши крпење на евентуални дупки на коловозот на улиците по барање на нарачателот;
- Секојдневно и редовно го информира организаторот-нарачателот за работата на зимската служба и надзорниот орган;
- Води целосна документација за Зимската служба;
- Доставува месечен распоред на лица за дежурството со податоци за работна рака и механизацијата, најдоцна до 25-ти во тековниот месец до Општина Битола.

## 2.4 ДРУГИ УЧЕСНИЦИ

- Реализираат дел од Програмата за функционирање на Зимската служба;
- Склучуваат Договор со Републичкиот хидро-метереолошки завод за добивање на временски прогнози;
- Организираат редовни дежурства со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствена механизација за дејствување во Зимската служба;
- Одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Обезбедуваат растурање и вградување на сол, песок и други материјали,
- Ги припремаат возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови и врши тековно одржување;
- Обезбедуваат потребни резервни делови за поправка на механизацијата;
- Со специјални машини, опрема и работна рака вршат посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатицата од коловозните површини;
- Водат целосна документација за Зимската служба;
- Секојдневно и редовно го информираат организаторот-нарачателот за работата на зимската служба, и надзорниот орган;
- Доставуваат месечен распоред на лица за дежурството со податоци за работна рака и механизацијата, најдоцна до 25-ти во тековниот месец до Општина Битола.

## 2.5 ГРАДЕЖНА ОПЕРАТИВА

За видот и обемот на вклучувањето на механизацијата на градежните претпријатија одлучува и ја ангажира надлежното **Координативно тело на Општина Битола.** Расчистувањето на снегот со оваа механизација се врши според плановите-шемите за расчистување на сообраќајниците во Општина Битола.

Целокупната документација за учество на градежната оператива ја води КЈП Нискоградба, ангажираните фирми и координативното тело преку задолжените лица и тоа за присуство на механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи.

## 2.6 ОДГОВОРЕН ИНЖЕНЕР

Одговорниот инженер ги врши следните работи:

- Ја следи работата на извршителите на работите и за тоа изготвува комплетна документација,
- Соработува со Органите и телата на Советот на Општината и другите, Дирекција за

заштита и спасување, Министерството за внатрешни работи на територијата на Општина Битола и другите учесници, претпријатија, заедници и граѓани.

- Дава налози за работа на фирмите на кои е отстапена работата,
- Врши и други работи и работни задачи во врска со реализација на програмата.

**2.7 СВР Битола - Полициска станица за безбедност во патниот сообраќај**

Го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти. Во исклучителни случаи кога е загрозена безбедноста и нормалното одвивање на сообраќајот може да даде налог на КЈП Нискоградба и другите ангажирани учесници во спроведување на зимската служба за преземање на активности за оспособување на сообраќајниците или одделни делови (критични точки). Исто така врши отстранување на паркираните возила како би се овозможило чистење на улиците.

**2.8 ЈП „КОМУНАЛЕЦ“-Битола**

Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за смет и околу нив;

- Ги расчистува пешачките зони, тротоарите и пешачките пристапи до објектите кои се од витално значење, а се предвидени со оваа Програма, како и други јавни површини;
- Врши сечење и отстранување од коловоз на паднати дрва и гранки;
- Го отстранува снегот и пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во Градот, патеките во гробиштата и други работи сврзани со зимската служба;
- Обврските на ЈП „Комуналец” Битола предвидени со оваа точка се покриваат од цената на ѓубретарината, освен потребите од индустриска сол;
- Контрола врз работата на ЈП Комуналец Битола врши општинскиот комунален инспекторат.

**2.9 „ЕВН-ЕЛЕКТРО-БИТОЛА“- Битола**

Ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електрични инсталации и објекти.

**2.10 „МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ“**

Ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ уреди, инсталациите и телефонските говорници.

**2.11 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕРЕОЛОШКИ РАБОТИ**

Ги доставува извештаите и прогнозите (дневни, тридневни, неделни и месечни) за временските услови до Општина Битола, КЈП Нискоградба и другите ангажирани учесници во зимската služжа.

**2.12 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Дирекцијата за заштита и спасување на Општина Битола е непосредно вклучена во работата на зимската служба, со тоа што ќе ја следи работата на зимската служба преку благовремено информирање.

Во случај на појава на елементарни непогоди од поголеми размери на подрачјето на Општина Битола во зимскиот период кои не ќе можат да се разрешат со организираноста на зимската служба со оваа програма, Дирекцијата за заштита и спасување на Општина Битола прогласува вонредна состојба и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците. Во вакви случеви трошоците ќе бидат на товар на Општина Битола или од други извори што ќе ги утврдат надлежните органи.

**2.13 Претпријатијата, заедниците и граѓаните** чии отворени објекти и простори се користат од страна на граѓаните (пазариштата, гробиштата, железничките премини, бензински пумпи, паркиралишта и слични објекти) преземаат брзи ефикасни

мерки за отстранување на снегот и голомразицата од овие објекти и простори.

2.14 **Претпријатијата, заедниците и граѓаните сопственици**, односно корисници на деловни згради и деловни простории (Стоковни куќи, дуќани, продавници и слични објекти) преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

2.15 **Граѓаните односно сопствениците,** станарите и закупувачите на станбените објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите - патеките и приодите пред своите станбени згради.

Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

2.16 Здружението на таксисти се грижи за чистење на локациите одредени за нивно паркирање.

2.17 За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според Одлуката за јавна чистота.

## III. ОБЕМ НА ОДРЖУВАЊЕ

Обемот и начинот на одржувањето на магистралните и собирните улици зависи од:

- густината на населеноста на делови од градот;
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила,
- видот и бројот на инфраструктурни објекти,

Коловозните површини предвидени за оспособување во зимски услови на ниво на Општина Битола изнесуваат околу **180 км** и нивното расчистување се одвива по следниот приоритет:

- сообраќајници по кои се одвива јавен градски превоз со критични точки и пристапи кон објекти кои се од витално значење за Градот - **Сообраќајници од прв приоритет заедно со пристапи;**
- сообраќајници од посебно значење за функционирање на сообраќајот, стопанските и други објекти во Градот и пошироко на територијата на Општина Битола - **Сообраќајници од втор приоритет.**

**Локални патишта и сообраќајници низ населени места - рурални населби.**

Посипувањето на голомразица со сол во услови кога нема снежни врнежи се врши по приоритет - сообраќајници од прв приоритет, сообраќајници од втор приоритрет, на критичките точки - пристапи на сообраќајниците и на локалните патишта на територијата на Општина Битола.

Чистењето на снегот и мразот од улиците во **Стара чаршија и ул. „Широк сокак" во Битола** ќе подразбира и одвоз.

Чистењето на сообраќајниците и патиштата кои не се предвидени во Оперативната програма ќе се врши само во исклучителни случаеви и со посебен налог на нарачателот, вклучително дел од локалниот пат Трново - Магарево и пунктовите во селата Брусник и Лавци.

## IV. ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

Одржувањето на магистралните и собирните улици во зимски услови се врши со ангажирање на:

- механизација,
- специјални машини и опрема,
- работна сила и
- средства (сол, песок и ладен асфалт)

Оспособувањето на коловозните површини се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојба на присуство на голомразици и снежни врнежи до 12 см. (**прва состојба на готовност**) и
- состојба на голомразица и снежни врнежи над 12 см.(**втора состојба на готовност**).

Оспособувањето (расчистувањето) на коловозните површини во **првата состојба** на готовност го врши КЈП „Нискоградба" и

другите ангажирани фирми, а во **втората состојба** на готовност го врши КЈП „Нискоградба“ и другите ангажирани фирми заедно со градежната оператива, согласно договорените обврски.

**Во првата состојба на готовност** КЈП „Нискоградба“ и другите ангажирани фирми со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства, врши оспособување на коловозни површини за сообраќај и тоа првенствено на сообраќајници по кои се одвива јавен градски превоз, критични точки и витални објекти - прв приоритет, а потоа на другите сообраќајници - втор приоритет во се според шемите на дејствување.

Оспособувањето на улиците за функционирање во зимски услови треба да започне веднаш со почетокот на врнежите, а сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови **за 5 (пет) часа,** сметано од моментот на престанувањето на снежните врнежи. Оспособувањето на останатите сообраќајници - втор приоритет ќе се врши по оспособувањето на сообраќајниците од прв приоритет во рок од 24 часа.

**Во втората состојба** на готовност КЈП Нискоградба и другите ангажирани фирми заедно со градежната оператива врши оспособување на коловозните површини и тоа:

- за сообраќајници од прв приоритет за **6 (шест) часа** сметано од моментот на престанување на снежните врнежи;

- останатите сообраќајници - втор приоритет ќе се оспособуваат веднаш по извршеното оспособување на сообраќајниците од прв приоритет.

Во случај на зголемена потреба ќе се ангажира и дополнителна градежна оператива.

## А. ПРЕГЛЕД НА СООБРАЌАЈНИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ОПФАТЕНИ СО ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА

### 1. Сообраќајници од прв приоритет:

| Ред број | ИМЕ НА УЛИЦА | Должина (м) |
|---|---|---|
| 1 | „4ти Ноември“, од сали Мостот до ул.Солунска | 986 |
| 2 | „Прилепска“ и „8-ми Септември,“ од Г.Оризари до мостот на Сали | 4290 |
| 3 | „Филип Втори Македонски“ и сообраќајницата олколу Домот на народно здравје | 1812 |
| 4 | „Бул.1-ви мај,“ од безистен до бензиска пумпа лоцирана на м.в. Довлеџик и обратно, од десната страна до новиот мост на Безистен | 4950 |
| 5 | „Столарска,“ од ул.„Филип Втори Македонски“, до ул.„Никола Тесла,“ | 480 |
| 6 | „Македонска Фаланга“ од просторот околу „Транскоп„ со крак за Буковски гробишта до „Партизанска“ | 2300 |
| 7 | „Никола Тесла,“ од „Бул,1-ви Мај“ до Железничка станица | 1900 |
| 8 | „Димитар Илиевски Мурато“ од ул.„4-ти Ноември,“ до „Широк сокак“ | 620 |
| 9 | „Климент Охридски„ цела (со дел од „Ленинова“ од „Климен Охридски“ до „Широк сокак“ | 900 |
| 10 | „Партизанска“ од „4-ти Ноември“ до „ Методија Андонов Ченто„ | 3800 |
| 11 | „Булевар Социјалистичка Револуција“ | 840 |
| 12 | „Васко Карангелевски,“ од „Бул.1-ви мај“ до спој со „Ружа Делчева,“ | 1200 |
| 13 | „Индустриска“ од „4-ти Ноември“ до „Жито Битола“ | 1800 |
| 14 | „ Прогрес“ од „Индустриска“ кон „Битолатекс“ ф-ка за шеќер и ф-ка за Фрижидери до ул.„Македонска Фаланга“ | 1950 |
| 15 | „Кукуш” од „8-ми Септември“ до преку „7ми Јули” до „Илинденска“ | 1150 |
| 16 | „Цар Самоил“ | 1600 |
| 17 | „Пецо Божиновски“ | 800 |
| 18 | „Видое Смилевски Бато“ од „Блаже Конески“ до ул.„Методија Андонов Ченто„ | 620 |
| 19 | „Скоевска“ без краците што од неа се издвојуваат со дел од ул.„Довлеџик“ | 1000 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | „Пожаревачка“ од ул.„Видое Смилевски Бато“ до „Скоевска„ | 550 |
| 21 | „Бул.1-ви Мај“ од „4-ти Ноември“ до пунктот (десна страна) | 1000 |
| 22 | „Широк Сокак“ од „Македонска Фаланга“ до Саат кулата со паркиралиштата кај Саат кулата и Домот на културата | 1309 |
| 23 | „Илија Ѓоконовски,“ со дел од „Прохор Пчински“ и „Срем“ | 400 |
| 24 | „Св. Нектариј Битолски“ од ул.„Копанки“ до „4-ти Ноември“ | 300 |
| 25 | Пристап за населба „Бадем Балари“ од „Бул.1-ви Мај“ преку „Драгорска“ до самопослугата на ул.„Јорго Костовски“ | 500 |
| 26 | „Илинденска“ од бензинска пумпа до „Батаљон Стив Наумов“ | 930 |
| 27 | „Тошо Даскало,“ од ул.„Партизанска“ до ул.„Пеце Матичевски“ | 450 |
| 28 | „Солунска“ до спојот со „Леринска“ пред 3-та Реонска до „Климент Охридски“ | 600 |
| 29 | „ Борисав Радосавлевич-Гоце“ од „Партизанска“ до ул.„Павел Шатев“ | 400 |
| 30 | „Павел Шатев“ од „Борисав Радосавлевич-Гоце“ до ОУ„Климент Охридски“ | 500 |
| 31 | „Ружа Делчева“ од „Васко Карангелевски“ до „АСНОМ“ | 300 |
| 32 | „АСНОМ“ од ул.„Ружа Делчева“ до ул.„Партизанска“ | 400 |
| 33 | Населба „Буковски Ливади“ од „Транскоп“ дел од ул.„Буковски мост“, дел од ул.„Апостол Здравевски“ | 2080 |
| 34 | „Илчо Стојановски“ од ул.„Апостол Здравевски“ до ул.„Митре Врчковски“ | 500 |
| 35 | „Крстин Чулаковски“ од ул.„Апостол Здравевски“ до ул.„Панде Илковски“ | 650 |
| 36 | „Панде Илковски“ од ул.„Илчо Стојановски“ до ул.„Крстин Чулаковски“ | 500 |
| 37 | „Кузман Јосифовски“ од ул.„Цар Самоил“ до ул.„Стив Наумов“ | 500 |
| 38 | „Христијан Карпош“ од ул.„ Илинденска“ до ул.„Сутјеска“ | 350 |
| 39 | „Мирче Ацев“ од „Бул.1-ви мај“ до ул.„Титово Ужице“ | 340 |
| 40 | „Прохор Пчински“ од ул.„Филип Втори Македонски“ до ул.„Св. Нектариј Битолски“ | 220 |
| 41 | „Македонска“ од ул.„Филип Втори Македонски“ до ул.„Прохор Пчински“ | 220 |
| 42 | „Батаљон Стив Наумов“ од ул.„Прилепска“ до ул.„Илинденска“ | 300 |
| 43 | „Стив Наумов,“ од ул.„Цар Самоил“ до ул.„Кузман Јосифовски“ | 900 |
| **44** | **„Борка Левата“ од ул.„Цар Самоил“ до „Бул.1-ви Мај“** | **180** |
| 45 | „Влатко Миленкоски“ од ул.„Никола Тесла“ до ул.„Димитар Илиевскки Мурато“ | 640 |
| 46 | „Охридска,“ од „Васко Карангелевски“ до ул.„Цар Самоил“ | 1400 |
| 47 | „11-ти Октомври“ и „Кирил и Методиј“ до „Ленинова“ | 450 |
| 48 | „Македонски гемиџии” | 1100 |
| 49 | „Рузвелтова“ од Широк сокак до ул.„Столарска“ | 170 |
| 50 | „Стрежево“ | 1000 |
| | **Вкупно:** | **52.130,00м** |

## 2. Пристапи:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | До училиште „Климент Охридски“ од ул.„Партизанска“ | 250 |
| 2 | До детска градинка на ул.„Мирка Гинова“ од ул.„Партизанска“ по ул.„М.Андоновски“ | 250 |
| 3 | До дом на пензионери од ул.„Васко Карангелевски“ | 200 |
| 4 | До ОУ „Елпида Караманди„ од ул.„Васко Карангелевски“ по „Младински Бригади“ | 150 |
| 5 | До ОУ „Стив Наумов“ од ул.„Пецо Божиновски“ | 100 |
| 6 | До детска градинка на ул.„Север –Југ“ - источен крак | 100 |
| 7 | До ОУ „Ѓорги Сугарев“ од „Шехерезада“ по ул.„Јане Сандански“ до ул.„Димитар Влахов“ | 300 |
| 8 | До ОУ „Тодор Ангелевски“ од „Филипм Втори Македонски“ по „Батаљон Стив Наумов“ | 250 |
| 9 | До ОУ „Даме Груев“ од „Прилепска“ по ул.„Гоце Делчев“ | 100 |
| 10 | До студенски дом од „Партизанска“ по ул.„Студентска“ | 350 |
| 11 | До бензинска пумпа од „Партизанска“ по ул.„Стрчин“ | 450 |
| 12 | До Нови гробишта | 800 |
| 13 | До градинка пред бирото за вработување од „Прилепска“ по ул.„Н.Н.Борче“ | 150 |
| 14 | Новачки пат до индустриски пат | 800 |
| | **Вкупно:** | **4.250,00м** |

## 3. Сообраќајници од втор приоритет

| | | |
|---|---|---|
| 1 | „ Наум Наумовски Борче“ од ул.„Прилепска“ до ул.„Илинденска“ | 950 |
| 2 | „Илинденска“ од „Мирче Ацев“ до „Батаљон Стив Наумов“ | 900 |
| 3 | „Дебарска“ од „Димитар Влахов“ до ул.„Јајце“ | 550 |
| 4 | „Димитар Влахов“ од ул.„Батаљон Стив Наумов“ до ул.„Бул.1-ви Мај“ | 920 |
| 5 | „Бул.1-ви Мај“ од мостот кај Сали до сточното пазариште (лева страна) | 1100 |
| 6 | „Даме Груев“ од Сали мостот до ул.„Гоце Делчев“ | 550 |
| 7 | „Гоце Делчев“ од ОУ „Даме Груев“ до ул.„Даме Груев“ | 400 |
| 8 | „Караџова“ со дел од „Брегалничка“ до ул.„Гоце Делчев“ | 400 |
| 9 | „Стив Наумов“ од ул.„Кузман Јосифовски“ до ул.„Климент Охридски“ | 220 |
| 10 | „Пеце Матичевски“ од ул.„Климент Охридски„ до ул „Стевче Патако„ | 200 |
| 11 | „Стевче Патако“ од ул.„Пеце Матичевски“ до „Стив Наумов”, „Орде Чопела” | 330 |
| 12 | „Солунска“ од „4-ти Ноември“ до „Климент Охридски“ и од „Леринска“ до „Ѓорги Наумов“ | 2700 |
| 13 | Кружна сообраќајница до населба Ушици 3 (Стрелиште) | 1200 |
| 14 | „Бул.1-ви Мај“ од „Столарска“ , до ул.„Никола Тесла“ | 200 |
| 15 | „Цане Василев“ од ул.„Филип Втори Македонски“ до ул.„Батаљон Стив Наумов“ | 320 |
| 16 | „Алексо Наневски“ заокружувајќи го кругот од ул.„Јонче Мурџевски“ преку „Трајче Стефановски“, „Алексо Наневски“ се до ул.„Б.Радосавлевиќ“ | 1120 |
| 17 | „Тодор Паница“ и „Народни Херои“ до „АСНОМ“ | 850 |
| 18 | „Јорго Костовски“ до „Кирил Пејчиновски“ | 500 |
| 19 | „Илинденска“ од ул.„Мирче Ацев“ по ул.„Кирил Пејчиновиќ“ преку ул.„Трескавец“ до Црн мост на „Бул.1-ви Мај“ и сите други краци | 680 |
| 20 | ул.„Борка Талев“ од ул.„Димитар Влахов“ до ул.„Мирче Ацев“ | 300 |
| | **Вкупно:** | **14.310,00м** |
| + | **Селата: Долно Оризари, Карамани, Трн, Крклино, Лавци, Брусник, Братин Дол, Поешево, Дихово, Ореово и Филтер станица** | |

## 4. Локални патишта до следни рурални населени места:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Бистрица, Кравари, Оптичари, Егри, Крстоар, Олевени, Барешани, Канино, Велушина, Острец, Кишава, Граешница, Лажец, Жабени, Породин, Драгош, Меџитлија и Кременица. | **70.000,00 м** |
| 2 | Цапари, Ротино, Кажани, Доленци, Лера, Ротино, г.Српци, Рамна, Ѓавато и Маловишта | **27.000,00 м** |
| 3 | Кукуречани, Цнобуки, Лосолај, Дагожани, Лопатица, Змирнево, Секирани, Габалавци, Црнеец | **16.000,00 м** |
| | **Вкупно:** | **113.000,00м** |

## Б. МЕХАНИЗАЦИЈА, ОПРЕМА, МАТЕРИЈАЛИ И РАБОТНА СИЛА ВО ПРВАТА СОСТОЈБА НА ГОТОВНОСТ

### 1. За Битола и блиски населени места

| Реден број | Име на возило или машина | Број на машини | Работници |
|---|---|---|---|
| 1 | Камион со посипувач и плуг | 3 | 3 |
| 2 | Бобкет 763 | 1 | / |
| 3 | Бобкет 863 | 1 | / |
| 4 | ЈЦБ со нож | 2 | 2 |
| 5 | Утоварач со нож | 1 | 1 |
| 6 | Трактор со нож и синџир | 1 | 1 |
| 7 | Трактор со посипувач | 2 | / |
| | **Вкупно:** | **11** | **7** |

**За Бистрица, Кравари, Оптичари. Егри, Крстоар, Олевени, Барешани, Канино, Велушина, Острец, Кишава, Граешница, Лажец, Жабени, Породин Драгош, Меџитлија и Кременица**

| Реден број | Име на возило или машина | Број на машини | Работници |
|---|---|---|---|
| 1 | Камион со нож и соларка | 1 | 1 |
| 2 | ЈЦБ со нож | 1 | 1 |
| 3 | Трактор со нож и посипувач | 1 | / |
| 4 | Трактор со нож и посипувач | 1 | / |
| | **Вкупно:** | **4** | **2** |

### 3. За Цапари, Ротино, Кажани, Доленци, Лера, Ротино, Г.Српци, Рамна, Ѓавато и Малоишта.

| Реден број | Име на возило или машина | Број на машини | Работници |
|---|---|---|---|
| 1 | Камион со нож и соларка | 1 | 1 |
| 2 | ЈЦБ со нож | 1 | 1 |
| 3 | Трактор со нож и посипувач | 1 | / |
| | **Вкупно:** | **3** | **2** |

**4. За Кукуречани, Црно Буки, Лисолај, Драгожани, Лопатица, Змирнево, Секирани, Габалавци, Црнеец.**

| Реден број | Име на возило или машина | Број на машини | Работници |
|---|---|---|---|
| 1 | Трактор со нож и посипувач | 1 | / |
| 2 | ЈЦБ со нож | 1 | 1 |
| | **Вкупно:** | **2** | **1** |
| | **Се вкупно:** | **20** | **12** |

## СПОРЕД ПОТРЕБА

| Реден број | Име на возило или машина | Број на машини | Работници |
|---|---|---|---|
| 1 | Камион со плуг | 1 | 1 |
| 2 | Трактор со приколка | 1 | 2 за утовар на снег и мраз |
| 3 | Ивеко | 2 | 4 за утовар на снег и мраз |
| 4 | Грејдер | 1 | 1 |
| 5 | ICB 145 | 1 | 1 |
| 6 | Пајак возило | 1 | 1 |
| 7 | ЈЦБ 190 со нож | 1 | / |
| | **Вкупно:** | **8** | **10** |

**Напомена:** Цената на возило-пајак (ден/час) ќе се утврди со решение од Комисија на јавни набавки на Општина Битола на претходно доставена калкулација од КЈП „Комуналец,, Битола

## В. МАТЕРИЈАЛИ ЗА СЕЗОНА 2018/2019

| Реден број | Материјали | мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| **1** | **Индустриска сол** | **Т** | **400,00** |
| **2** | **Песок-ризла** | **м³** | **400,00** |
| **3** | **Ладна асфалтна маса** | **Т** | **30,00** |

## ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА

### МАТЕРИЈАЛИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индустриска сол | т | 400,00 | 4.652,00 | 1.861.001,00 |
| Песок-ризла | м³ | 400,00 | 1.003,00 | 401.200,00 |
| Ладна асф.маса | т | 30,00 | 12.968,20 | 389.046,00 |
| Вкупно: | | | | 2.651.247,00 |

### ГРАДЕЖНА ОПЕРАТИВА

| | |
|---|---|
| Ефективна работа на возила | 5.618.200,00 |
| Маш. и возила во приправност | 6.009.042,00 |
| Вкупно: | 11.627.242,00 |

## РЕКАПИТУЛАЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 1 | МАТЕРИЈАЛИ | 2.651.247,00 |
| 2 | ГРАДЕЖНА ОПЕРАТИВА | 11.627.242,00 |
| | Вкупно: | 14.278.489,00 |

### ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-157/5
14.11.2018 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година

1. Ја објавувам Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/4
19.11.2018 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 64/18 и 168/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година

1. Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општината Битола за 2018 година („Службен гласник на Општината Битола“ бр.16/17), се врши дополнување на начин што во Дел II, точка 13-Детални урбанистички планови, се дополнува потточка 13.1.36 и истата гласи:

13.1.36-ДУП за станбена заедница 4 и 2, Урбан Блок 1, Општина Битола (со плански опфат од приближно 2,36 ха)“

2. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за туризам за 2018 година

1. Ја објавувам Програмата за измени и дополнување на Програмата за туризам за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измени и дополнување на Програмата за туризам за 2018 година

Општина Битола со својата местоположба (непосредната близина со Р. Грција членка на ЕУ, поставеноста на историски важната рура, позната како патот VIA EGNATIA, блискоста до охридскиот и солунскиот аеродром, природото богатството (планината Баба со единствена флора и фауна, потенцијалите за развој на зимските спортови итн.),културните атрактивности (богатата историјата и традиција, културни споменици и знаменитости, манифестации и фестивали) ги има сите предуслови за развивање на туризмот како еден од најважите двигатели на општествениот развој.

Тому поради ова Општина Битола во стратегијата за социо-економски развој особен акцент му придава на развојот на туризмот како глобален тренд и гранка со исклучителен потенцијал и можности. Во тој контекст оваа предлог програма нуди низа мерки, активности, проекти и иницијативи чија цел е динамичен и комплементарен развој на туризмот во Општина Битола.

Постигнувањето натаа цел е можно со мобилизирање на сите потенцијали и субјекти во правец на подигање на нивото на организациска поставеност, координација, стандардизација, валоризација и промоција на туристичките потенцијали поставувајќи ја Битола на врвот на мапата на туристичките дестинации во регионот.

Во продолжение се претставени сет на активности, мерки, иницијативи и проекти кои во правец на постигнување на визијата, „Битола, атрактивна туристичка дестинација“.

**1. Разни трансфери**

За развојот на туризмот на територија на општина Битола многу придонесува и состојбата на Националниот парк „Пелистер„ За таа цел изработени се неколку студии и имплементирани, но секако има место за нови и поиновативни. За таа цел општина Битола ќе финансира промоција на активности преземени од страна на НП Пелистер за развој на туризмот во Националниот парк, а со тоа индиректно на територијата на цела општина.

**2. Промотивни активности**

**Опис на активности**

**-** Издавање на туристички брошури
- Туристички разгледници
- Мапа на градот
- Изработка на маскота на градот-проект
- Избор и промоција на туристичко лого на Битола
- интеренет промоции на домашни и странски портали, публикации и сл.
- саеми и други туристички манифестаци
- Промотвни активности за обука на локалното население за подобар однос кон туристите.
- Промоција и стимулирање на велосипедскиот туризам
- Формирање Туристичка волонерска патрола-ТИМ
- Развој на туристички производ - Брендирање на туристички производ
- обуки и стандардизација на туристичките субјекти
- Destination management organization – имплементација,
- Мапирање и промовирање на локални знаменитости (Стара турска чаршија, антички град Хераклеја, Музеј на град Битола, Градскиот часовник со Широк Сокак, „Меморјален парк на Евреите од Битола„ и др)

Промотивните активности се и тоа како важен во процесот на подобрување на туристичката понуда, привлекување и анимирање на посетители и сл. Добро подготвената промотивна стратегија, квалитетно публикуваните промотивни материјали, нивната соодветна дистрибуција, се основни стандарди во промоцијата на туризмот на една средина.

**3. Инфраструктурни проекти и инвестиции**

**Опис на активности**

Проект за ревитализиација на старата чаршија - соработка на Општина Битола Мин. за култура
- Туристичка сигнализација 2 фаза
- Изградба на велосипедски патеки по ДУП.
- Поддршка на иницијативи за уредување и промовирање на нови микро локации за туристички излетишта
- санирање на постоечки инфо киосци (3)

Дел од наведените проектни активности во делот на инфраструктура се предвидени како развојна компонента или фазно започнати во предходниот период, а ќе се реализираат во наредниот развоен приод во зависност од можностите. Дел од активностите се опфатени со програмите на другите одделенија надлежни за инфраструктура и сообраќај.

**4. Тековни активности на одговорните лица за туризам**

- Контакт со ЗЕЛС и Агенција за промоција и поддршка на туризмот
- Контакт и поддршка на чинителите на туризмот во Општина Битола
- Одржување на средби, состаноци, обуки, работилници и др.со членовите за Координативното тело за туризам
- Иницирање акции, промотивни активности, проекти и сл.во насока на подбрување на условите за работа во обласа на туризмот, и поквалитетна туристичка понуда на Битола.
- Посета на значајни туристички манифестации и воспоставување контакти од важност за развој на туризмот во Општина Битола.

- Одржување на база на податоци на туристички субјекти и лиферување информации од важност за истите.
- Други активности во правец на развој на туризмот во Општина Битола

**5. Реконструкција на други објекти**

Во насока на развојот на туризмот, општина Битола ќе преземе активности на санација на излози на заштитени локали-дуќани во Стара Чаршија во Битола. Со овие средства се опфатени 38 дуќани за кои е комплетирана техничката документација за замена на излозите следејќи ги законските прописи за заштита на културното наследство. Ова ќе биде почеток и да се потикне развојот на занаетчиството, односно да се стопира изумирањето на старите занаети, а воедно да се зголеми понудата на туристите кои секојдневно ја посетуваат ова Стара чаршија.

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за туризам во Општина Битола за 2018 година**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 725939 | Останати неоданочни приходи | **4.280.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **4.280.000,00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за туризам во Општина Битола за 2018 година**

| Ред. Бр. | Програма Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 464 990 | Промоција на активности преземени од страна на НП Пелистер за развој на туризмот | **80.000,00** |
| 2 | 425 920 | Промотивни активности | **100.000,00** |
| 3 | 480 (140,190) | Инфраструктурни проекти и инвестиции (мапирање, опрема) | **220.000,00** |
| 4 | 426 (310,410) | Тековни активности на одговорните лица ( посета на настани, саеми, промоции, обуки,семинар, состаноци на координативното тело и учество во други активности релевантни за развој на туризмот во Општина Битола. | **80.000,00** |
| 5 | 482 930 | Реконструкција на други објекти | **3.800.000** |
| | | Вкупно: | **4.280.000,00** |

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола

Бр.09-157/7
14.11.2018 г.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Битола за 2019 година**

1. Ја објавувам Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Битола за 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Битола за 2019 година

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Битола за 2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-157/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката по Решение за запирање на објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2018 година,

1. Ја објавувам Одлуката по Решение за запирање на објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22, член 51 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## по Решение за запирање на објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2018 година

### Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа Решението за запирање на објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општината Битола за 2018 година донесено од Градоначалникот на Општина Битола („Службен гласник на општина Битола“ бр. 16/18).

### Член 2

Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2018 година ќе биде ставена како точка на дневен ред на наредна седница.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за формирање на тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во измените и дополнувањата на Буџетот на општината Битола за 2018 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на општината Битола за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на системи и печки на пелети

1. Ја објавувам Одлуката за формирање на тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во измените и дополнувањата на Буџетот на општината Битола за 2018 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на општината Битола за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на системи и печки на пелети, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22, член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на општината Битола на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за формирање на тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во измените и дополнувањата на Буџетот на општината Битола за 2018 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на општината Битола за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на системи и печки на пелети

### Член 1

Со оваа Одлука се формира тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во измените и дополнувањата на Буџетот на Општината Битола за 2018 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на општината Битола за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на системи и печки на пелети, во состав од:

Тања Крнчева – Совет на општина Битола

Ристенка Алтипармаковска – Совет на општина Битола

Методија Илиевски – Совет на општина Битола

Иван Чулаковски – Совет на општина Битола

Олга Лозановска – Совет на општина Битола

Горан Неделков – општинска администрација

Катерина Чкоровска – општинска администрација

### Член 2

Телото има задача да ги разгледа пристигнатите барања од граѓаните за надоместување на дел од трошоците за купување на системи и печки на пелети и да состави листа на прифатени и одбиени барања.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за формирање на тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во измените и дополнувањата на Буџетот на општината Битола за 2018 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на општината Битола за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на велосипеди

1. Ја објавувам Одлуката за формирање на тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во измените и дополнувањата на Буџетот на општината Битола за 2018 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на општината Битола за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на велосипеди, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22, член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на општината Битола на седницата одржана на ден 14.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за формирање на тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во измените и дополнувањата на Буџетот на општината Битола за 2018 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на општината Битола за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на велосипеди

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во измените и дополнувањата на Буџетот на општината Битола за 2018 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на општината Битола за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на велосипеди, во состав од:

Тања Крнчева – Совет на општина Битола

Ристенка Алтипармаковска – Совет на општина Битола

Методија Илиевски – Совет на општина Битола

Иван Чулаковски – Совет на општина Битола

Олга Лозановска – Совет на општина Битола

Јулијана Ивановска – општинска администрација

Љубо Атанасовски – општинска администрација

**Член 2**

Телото има задача да ги разгледа пристигнатите барања од граѓаните за надоместување на дел од трошоците за купување на велосипеди и да состави листа на прифатени и одбиени барања.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.09-157/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за ставање вон сила на Одлуки за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на детални урбанистички планови, Одлука за утврдување на Нацрт УПВНМ, Одлуки за прифаќање на иницијатива за изработка на УПВНМ и Одлуки за утврдување на потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за ставање вон сила на Одлуки за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на детални урбанистички планови, Одлука за утврдување на Нацрт УПВНМ, Одлуки за прифаќање на иницијатива за изработка на УПВНМ и Одлуки за утврдување на потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за ставање вон сила на Одлуки за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на детални урбанистички планови, Одлука за утврдување на Нацрт УПВНМ, Одлуки за прифаќање на иницијатива за изработка на УПВНМ и Одлуки за утврдување на потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се ставаат вон сила следните Одлуки донесени од Совет на Општина Битола:

1. Одлука за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Централно градско подрачје 1дел - Урбан блок „2“ - Битола, со Одлука на Совет бр. 07-3367/9 од 30.10.2006 год.
2. Одлука за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Централно градско подрачје 3-ти дел Блок 7 – Општина Битола, со Одлука на Совет бр. 07-299/10 од 16.02.2012 год.
3. Одлука за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Станбена заедница 4 и 2 Реонски центар ЗАПАД Блок 2 – Општина Битола, со Одлука на Совет бр. 07-08/11 од 20.05.2014 год.
4. Одлука за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на УПВНМ Споменичен комплекс со придружни објекти на дел од КП 15 КО Лажец покрај магистралниот пат М5 Битола-Меџитлија-ОпштинаБитола (9,0 ха) бр. 07-1257/15 од 22.05.2009 год.
5. Одлука за утврдување на Нацрт УПВНМ Споменичен комплекс со придружни објекти на дел од КП 15 КО Лажец покрај магистралниот пат М5 Битола-Меџитлија ОпштинаБитола (9,0 ха) бр. 07-2779/16 од 29.09.2009 год.
6. Одлука за прифаќање на иницијатива за изработка на УПВНМ во чиј плански опфат влегува дел од КП Бр. 22 КО Маловишта, м.в. „Св. Ѓорѓе„ м.в.–

Општина Битола, бр. 09-202/10 од 12.03.2015 год.

7. Одлука за прифаќање на иницијатива за изработка на УПВНМ во чиј плански опфат влегува дел од КП Бр. 245/1 КО Магарево, м.в. „Голема Ливада"– Општина Битола, бр. 09-202/11 од 12.03.2015 год.
8. Одлука за прифаќање на иницијатива за изменување и дополнување на УПВНМ за Индустриска зона Жабени за спојување на ГП Бр. 17, ГП Бр. 18 и ГП Бр. 20 – Општина Битола со Одлука на Совет Бр. 09-202/14 од 12.03.2015 год.
9. Одлука за уврдување потреба од изработување на ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 и Г4 на КП 247 м.в. „Ограде" КО Крстоар Општина Битола, со Одлука на Совет бр. 07-2461/15 од 30.11.2010 год.
10. Одлука за уврдување потреба од изработување на ЛУПД за стопански комплекс (класа на намени Г4) на КП Бр. 471/1 м.в. „Ореј" КО Дихово –Општина Битола, со Одлука на Совет бр. 07-15/18 од 04.07.2012 год.
11. Одлука за уврдување потреба од изработување на ЛУПД за изградба на базна станица за дигитално полициско радио-Древеник на КП Бр. 1270/2 КО Древеник – Општина Битола, со Одлука на Совет бр. 07-15/18 од 04.07.2012 год.
12. Одлука за уврдување потреба од изработување на ЛУПД за изградба на базна станица за дигитално полициско радио-Ѓавато на Кп Бр. 1/3 КО Ѓавато – Општина Битола, со Одлука на Совет бр. 07-27/47 од 30.10.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-157/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила - Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила – Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-894/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија„ бр. 79/09), член 14, член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар , Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила - Битола**

**Член 1**

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила-Битола.

Учеството на општините потписнички на МОС во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар ќе се состои во издвојување на 2% од буџетот на секоја општина наменет за финансирање на Здруженија на граѓани и фондации.

Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид е должен да доставува полугодишен извештај до општините потписнички за начинот на трошење на средствата уплатени од Општините.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку склучување на договор за здружување на финансиски, материјални и други средства.

**Член 3**

Оваа меѓуопштинска соработка се воспоставува за период од една година почнувајќи од денот на потпишување на Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во с. Кравари, Општина Битола, во новиот објектот „Пролет 1“ лоциран на ул. „Спасе Ристевски“ бр 2 А во с. Кравари, Општина Битола, во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во с. Кравари, Општина Битола, во новиот објектот „Пролет 1” лоциран на ул. „Спасе Ристевски“ бр 2 А во с. Кравари, Општина Битола, во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр. 05/02), член 102-а став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во с. Кравари, Општина Битола, во новиот објектот „Пролет 1”

**лоциран на ул. „Спасе Ристевски“ бр 2 А во с. Кравари, Општина Битола, во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во Општина Битола**

**Член 1**

Одлуката се донесува за отпочнување со работа и за вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во с. Кравари, Општина Битола, во новиот објектот „Пролет 1” лоциран на ул. „Спасе Ристевски“ бр. 2А во с. Кравари, Општина Битола, во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во Општина Битола

**Член 2**

Во објекот ќе се спроведува Програма за рано учење и развој („Службен весник на Република Македонија” бр.46/14)

Според времетраењето програмата ќе се остварува во целодневен престој на децата.

Згрижувањето и воспитанието на децата ќе се реализира во две воспитни групи од 2 до 6 годишна возраст, односно до вклучување во основно образование, за 40 деца.

**Член 3**

Назив на објектот е „Пролет 1“ и се наоѓа во с. Кравари, ул. „Спасе Ристевски“ бр. 2А во с. Кравари, Општина Битола.

**Член 4**

Дејноста на детската градинка е: Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно - образовни, спортско - рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

**Член 5**

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ бр. 28/14, 40/14, 136/14, 71/15, 170/16 и 151/18 “).

**Член 6**

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на објектот ќе се обезбедат од буџетот на Општина Битола, од Буџетот на Република Македонија преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон.

**Член 7**

Средства за основање и почеток со работа на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во с. Кравари, Општина Битола за новиот објект„ Пролет 1“, ќе ги обезбеди основачот.

**Член 8**

Општина Битола како основач на ЈОУДГ „Естреја Овадија- Мара“ ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на решение од Министерството за труд и социјална политика за отпочнување со работа на објектот.

**Член 9**

Директорот на ЈОУДГ „Естреја Овадија - Мара“ Општина Битола се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/14
14.11.2018 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот „Пролет 1“ во село Кравари на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во Општина Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот „Пролет 1“ во село Кравари на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 год ) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на користење, одржување и управување на објектот „Пролет 1“ во село Кравари наЈавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во Општина Битола**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на објектот „Пролет 1“ во с. Кравари на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во Општина Битола, како и други прашања во врска со функционирањето на објектот (во понатамошниот текст „Пролет 1“)

**Член 2**

Објектот „Пролет 1“ во с. Кравари е изграден преку Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион со средства од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во рамките на програмата за финансиска поддршка на руралниот развој на РМ за 2015, мерка 321 - Инвестиции во објекти и опрема за домови за деца и млади и домови за култура во руралните места во Пелагонија., а опремувањето е извршеново 2018 год. со средства на Министерство за труд и социјална политика Скопје и сончев колектор во рамите на проектот „Интегрирана мрежа за регионален развој во Пелагонискиот регион” УНДП.

**Член 3**

Објектот „Пролет 1“ во с. Кравари, Општина Битола, ќе го користи, одржува и управува Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ Општина Битола.

Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија- Мара“ , Општина Битола е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За предавањето на објектот и опремата во истиот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка Естреја Овадија-Мара“, Општина Битола,ќе се состави записник.

**Член 4**

Јавната општинска установа за деца - Детска градинка Естреја Овадија- Мара“ Општина Битола, не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 5**

Директорот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка Естреја Овадија - Мара“ Општина Битола, се обврзува да ги преземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објектот.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за пренесување на право на тековно одржување на уличното осветлување на подрачјето на општина Битола за реоните Бистрица, Цапари и Кукуречани на ЈП „Комуналец“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за пренесување на право на тековно одржување на уличното осветлување на подрачјето на општина Битола за реоните Бистрица, Цапари и Кукуречани на ЈП „Комуналец“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за пренесување на право на тековно одржување на уличното осветлување на подрачјето на општина Битола за реоните Бистрица, Цапари и Кукуречани на ЈП „Комуналец“ Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола му го пренесува правото на тековно одржување на уличното осветлување на подрачјето на Општина Битола за реоните Бистрица, Цапари и Кукуречани на ЈП „Комуналец“ Битола.

**Член 2**

Тековното одржување на уличното осветлување ќе опфаќа одржување и сервисирање на опремата за улично осветлување.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со ЈП „Комуналец“ Битола со кој подетално ќе бидат уредени правата и обврските на двете страни.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите за поправка и монтажа на електричната мрежа за улично

**осветлување на територијата на поранешните општини Бистрица тер.2, Кукуречани тер. 3 и Цапари тер. 4.**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите за поправка и монтажа на електричната мрежа за улично осветлување на територијата на поранешните општини Бистрица тер.2, Кукуречани тер. 3 и Цапари тер. 4., донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите за поправка и монтажа на електричната мрежа за улично осветлување на територијата на поранешните општини Бистрица тер.2, Кукуречани тер. 3 и Цапари тер. 4.

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-704/4 од 06.11.2018 година на ЈП „Комуналец“ Битола, донесена на седница на Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-157/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење во ЈКП „Водовод“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење во ЈКП „Водовод“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96 .........39/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење во ЈКП „Водовод“ Битола

1. Од Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење на ЈКП „Водовод“ Битола, се разрешуваат:

- Дејан Трајковски и
- Роберт Здравевски

СЕ ИМЕНУВААТ:

- НАТАША ГЕОРГИЕВСКА, дипл. економист,
- МЕНДЕ СЕКУЛОВСКИ, дипл. правник

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/18
14.11.2018 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење во КЈП „Нискоградба“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење во КЈП „Нискоградба“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/17
19.11.2018 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96 .........39/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење во КЈП „Нискоградба“ Битола

1. Од Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење на КЈП „Нискоградба“ Битола, се разрешува:
- Валентина Стојановска

СЕ ИМЕНУВА:
- ДАРКО МЕНКИНОВСКИ, дипл. економист,

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/19
14.11.2018 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор во Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор во Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/18
19.11.2018 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 100 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр. 79/09 .......51/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината

Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Управниот одбор во Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола

1. Од членови во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола, се разрешуват:

- Дејан Главевски
- Тања Судевска

СЕ ИМЕНУВААТ:

МАРТИН БЕЛОКОЗОВСКИ, биотехнолог

- КИРЕ КОТЕВСКИ, сообраќаен инженер.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање согласност на намената на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП ПАЗАРИ во Битола“

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност на намената на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП ПАЗАРИ во Битола“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност на намената на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП ПАЗАРИ во Битола“

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на намената на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП ПАЗАРИ во Битола “

### Член 2

Се дава согласност Општина Битола да достави барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола ”.

Бр.09-157/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на намената на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ - за објект Тоалети во ПАЗАРОТ“ - Општина Битола“**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност на намената на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ - за објект Тоалети во ПАЗАРОТ“ – Општина Битола“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на намената на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ - за објект Тоалети во ПАЗАРОТ“ - Општина Битола“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на намената на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ - за објект Тоалети во ПАЗАРОТ“– Општина Битола“.

**Член 2**

Се дава согласност Општина Битола да достави барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола ”.

Бр.09-157/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на намената на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП Пазари во Битола“**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност на намената на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП Пазари во Битола “, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на намената на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП Пазари во Битола“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на намената на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП Пазари во Битола “

**Член 2**

Се дава согласност Општина Битола да достави барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола ”.

Бр.09-157/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање на приоритет на проектите:**
**1. Изградба на улица СТУ 9 именувана во ул. „Митрополитска“**
**2. Изградба на улица СТУ 11 именувана во ул. „Јован Кукузел“**
**3. Изградба на атмосферска канализација за ул. СТУ 9**
**4. Изградба на санитарна и технолошка вода за ул. СТУ 9**
**5. Изградба на атмосферска канализација за ул. СТУ 11**
**6. Изградба на санитарна и технолошка вода за ул. СТУ 11**
**7. Изградба на улично осветлување за улиците СТУ 9 и СТУ 11**

1. Ја објавувам Одлуката за давање на приоритет на проектите:

1. Изградба на улица СТУ 9 именувана во ул. „Митрополитска“

2. Изградба на улица СТУ 11 именувана во ул. „Јован Кукузел“

3. Изградба на атмосферска канализација за ул. СТУ 9

4. Изградба на санитарна и технолошка вода за ул. СТУ 9

5. Изградба на атмосферска канализација за ул. СТУ 11

6. Изградба на санитарна и технолошка вода за ул. СТУ 11

7. Изградба на улично осветлување за улиците СТУ 9 и СТУ 11, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-894/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.11.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на приоритет на проектите:**
**1. Изградба на улица СТУ 9 именувана во ул. „Митрополитска“**
**2. Изградба на улица СТУ 11 именувана во ул. „Јован Кукузел“**
**3. Изградба на атмосферска канализација за ул. СТУ 9**
**4. Изградба на санитарна и технолошка вода за ул. СТУ 9**
**5. Изградба на атмосферска канализација за ул. СТУ 11**
**6. Изградба на санитарна и технолошка вода за ул. СТУ 11**
**7. Изградба на улично осветлување за улиците СТУ 9 и СТУ 11**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава приоритет на проектите:

1. Изградба на улица СТУ 9 именувана во ул. „Митрополитска“
2. Изградба на улица СТУ 11 именувана во ул. „Јован Кукузел“
3. Изградба на атмосферска канализација за ул. СТУ 9
4. Изградба на санитарна и технолошка вода за ул. СТУ 9
5. Изградба на атмосферска канализација за ул. СТУ 11
6. Изградба на санитарна и технолошка вода за ул. СТУ 11
7. Изградба на улично осветлување за улиците СТУ 9 и СТУ 11

**Член 2**

На проектите од член 1 им се дава приоритет и согласност за аплицирање во Јавниот повик бр. Втор МСИП 02/2018 на Министерството за финансии, во проектот за подобрување на општинските услуги МСИП 2 – преку заем од Светска банка.

**Член 3**

Се задолжува администрацијата на Општина Битола да ја подготви потребната документација за аплицирање според барањата на Јавниот повик.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-157/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2018 година ........ 1

П Р О Г Р А М А за РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ во Општина Битола за периодот од 2019 до 2021 год. ........ 2

П Р О Г Р А М А за организирање и функционирање на зимска служба на подрачјето на Општина Битола за сезоната 2018/2019 година ........ 4

П Р О Г Р А М А за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичко планска документација на подрачјето на Општината Битола во 2018 година ........ 14

П Р О Г Р А М А за измени и дополнување на Програмата за туризам за 2018 година ........ 14

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Битола за 2019 година ........ 17

О Д Л У К А по Решение за запирање на објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2018 година .. 17

О Д Л У К А за формирање на тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во измените и дополнувањата на Буџетот на општината Битола за 2018 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на општината Битола за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на системи и печки на пелети ........ 18

О Д Л У К А за формирање на тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во измените и дополнувањата на Буџетот на општината Битола за 2018 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на општината Битола за надоместување на дел од трошоците на граѓаните за купување на велосипеди ........ 19

О Д Л У К А за ставање вон сила на Одлуки за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на детални урбанистички планови, Одлука за утврдување на Нацрт УПВНМ, Одлуки за прифаќање на иницијатива за изработка на УПВНМ и Одлуки за утврдување на потреба од изработување на Локална урбанистичка планска документација ........ 20

О Д Л У К А за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар , Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила - Битола ........ 21

О Д Л У К А за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во с. Кравари, Општина Битола, во новиот објектот „Пролет 1” лоциран на ул. „Спасе Ристевски“ бр 2 А во с. Кравари, Општина Битола, во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во Општина Битола ........ 22

О Д Л У К А за давање на користење, одржување и управување на објектот „Пролет 1“ во село Кравари наЈавната општинска установа за деца – Детска градинка „Естреја Овадија - Мара“ во Општина Битола ........ 24

О Д Л У К А за пренесување на право на тековно одржување на уличното осветлување на подрачјето на општина Битола за реоните Бистрица, Цапари и Кукуречани на ЈП „Комуналец“ Битола ........ 25

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите за поправка и монтажа на електричната мрежа за улично осветлување на територијата на поранешните општини Бистрица тер.2, Кукуречани тер. 3 и Цапари тер. 4. ........ 26

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење во ЈКП „Водовод“ Битола ........ 26

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Надзорниот одбор за материјално-

финансиското работење во КЈП „Нискоградба“ Битола ........................................ 27

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Управниот одбор во Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола .................................... 28

О Д Л У К А за давање согласност на намената на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП ПАЗАРИ во Битола“....................................... 28

О Д Л У К А за давање согласност на намената на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ - за објект Тоалети во ПАЗАРОТ“ – Општина Битола“.......................... 29

О Д Л У К А за давање согласност на намената на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП Пазари во Битола“ ................................................................. 29

О Д Л У К А за давање на приоритет на проектите: 1. Изградба на улица СТУ 9 именувана во ул. „Митрополитска“ 2. Изградба на улица СТУ 11 именувана во ул. „Јован Кукузел“ 3. Изградба на атмосферска канализација за ул. СТУ 9 4. Изградба на санитарна и технолошка вода за ул. СТУ 9 5. Изградба на атмосферска канализација за ул. СТУ 11 6. Изградба на санитарна и технолошка вода за ул. СТУ 11 7. Изградба на улично осветлување за улиците СТУ 9 и СТУ 11................................................................ 30

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211